СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 93 **7 април 2020, вторник** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1376.	**Уредба** со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID - 19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.....	**2**
1377.	**Правилник** за куќниот ред на прифатниот центар за странци.....	**7**
1378.	**Општа** пресметка за распределба на прибраните авторски надоместоци по основ на право на јавно соопштување на музички несценски дела за 2019 година.....	**13**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1376.

Врз основа на членот 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 април 2020 година, донесе

У Р Е Д Б А
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19, ЗАРАДИ ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ЗА МЕСЕЦИТЕ АПРИЛ И МАЈ 2020 ГОДИНА

Член 1

1. Со оваа уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година.

2. „Работодавач од приватниот сектор“ во смисла на оваа уредба е секој правен субјект од приватниот сектор кој вработува работници врз основа на договор за вработување, физичко лице кое вработува работници врз основа на договор за вработување и работодавач корисник, согласно со Законот за приватни агенции за вработување.

Член 2

1. Финансиската поддршка на работодавачот од приватниот сектор од членот 1 став (2) на оваа уредба ќе се спроведува преку Владина Програма за финансиска поддршка на работодавачи погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 со исплата на финансиски средства на сметка на работодавачот-барател на финансиска поддршка за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година (во понатамошниот текст: „работодавач-барател на финансиска поддршка“).

2. Предмет на финансиска поддршка е исплатата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година, во износ најмногу до 14.500 денари месечно по работник, согласно со работното време на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое се остварува надоместок на плата кој не паѓа на товар на работодавачот.

Член 3

1. Работодавачот-барател на финансиска поддршка поднесува Барање за финансиска поддршка за исплатата на платите на работниците до Управата за јавни приходи. Формата и содржината на Барањето од ставот (1) на овој член е дадено во Прилог и е составен дел на оваа уредба со законска сила.

2. Барањето од ставот (1) на овој член, работодавачот-барател на финансиска поддршка го поднесува преку системот е-даноци на Управата за јавни приходи до 5-ти во месецот за претходниот месец, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето.

3. Во Барањето од ставот (2) на овој член, работодавачот-барател на финансиска поддршка дава Изјава за исполнетоста на условите од ставот (4) на овој член и членот 4 на оваа уредба.

4. За користење на финансиската поддршка, работодавачот-барател на финансиска поддршка треба да ги исполни следните услови:

а) намалувањето на вкупните приходи на работодавачот-барател на финансиска поддршка во месец април 2020 година или во месец мај 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени во 2019 година, а за работодавач-барател на финансиска поддршка кој е запишан во соодветен регистар (основан) после месец март 2019 година, вкупните приходи за месец април 2020 година или месец мај 2020 година да се помали за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година. За работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните приходи за последниот сезонски период од 4 месеци споредено со просечните приходи за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%,

б) работодавачот-барател на финансиска поддршка да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, до денот исплатата на платата за месец мај 2020 година и

в) најмногу 10% од вкупниот број на вработени кај работодавачот - барател на финансиска поддршка да имаат поединечна месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен, за месецот за кој се бара финансиска поддршка.

Работодавачот-барател на финансиска поддршка кој на повеќе од 10% од вкупниот број вработени им исплатува поединечна нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиска поддршка не ги исполнува условите од оваа точка.

Член 4

1. Работодавач-барател на финансиска поддршка не може да користи финансиска поддршка за работник доколку:

а) работникот за периодот декември 2019 година, јануари 2020 година и февруари 2020 година, остварил нето плата повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време.

б) користи субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба,

в) користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и

г) работодавач за работник со дополнителна работа, согласно членот 121 од Законот за работните односи.

2. Финансиска поддршка за исплата на платите не може да користи:

• сопственик/основач на работодавачот-барател на финансиска поддршка, управител, прокурист, односно застапник по закон и членовите на органите на управување и надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка,

• орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и

• приватна агенција за вработување за работник кој е отстапен кај работодавач од став (2) алинеја 2 на овој член.

Член 5

1. Работодавачот со комплетното барање од членот 3 став (2) на оваа уредба, за работниците за кои побарува финансиска поддршка, во полето 3.23. од МПИН образецот внесува шифра 619. За користење на финансиска поддршка за работниците, согласно со член 2 став (2) од оваа уредба, во исто време со мерката за субвенционирање на придонесите согласно со Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/19), работодавачот со комплетното барање од членот 3 став (2) на оваа уредба, во полето 3.23. од МПИН образецот работодавачот внесува шифра 621, со која побарува финансиска поддршка/субвенционирање по двата основи.

2. По обработка на МПИН образецот, Управата за јавни приходи го информира работодавачот-барател на финансиска поддршка за вкупниот износ на финансиската поддршка што ќе биде исплатена за соодветниот месец.

3. Управата за јавни приходи ја известува Владата на Република Северна Македонија за работодавачите кои ги исполниле условите за финансиска поддршка за исплата на платите.

4. Износот на финансиска поддршка од членот 2 став (1) на оваа уредба се исплатува до 13-ти во месецот за претходниот месец преку Владина Програма за финансиска поддршка на работодавачи од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19 на сметка на работодавачот-барател на финансиска поддршка кој ги исполнил условите од членот 3, став 4 и членот 4 на оваа уредба, согласно со известувањето од Управата за јавни приходи.

5. Роковите за поднесување на МПИН образецот до Управата за јавни приходи и исплатата на платата, данокот на доход и социјалните придонеси е уреден со закон.

Член 6

1. Работодавачот кој користел финансиска поддршка за исплата на плати има обврска да ги врати добиените финансиски средства во целост, заедно со камата за јавни давачки, доколку по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека работодавачот не ги исполнил условите од членот 3 став (4), членот 4 и ставот 2 на овој член од Уредбата.

2. За времетраење на финансиската поддршка согласно со оваа уредба и четири месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец септември 2020 година), работодавачот кој користел финансиска поддршка за исплата на плати има обврска да го задржи истиот број на вработени што го имал за месецот за кој побарал финансиска поддршка за исплата на платите, намален за бројот на вработени заради пензионирање или смрт на работник. Бројот на вработени што работодавачот корисник на финансиска поддршка треба да го задржи ги вклучува вработените на неопределено време, вработените на определено време и вработените со работно време пократко од полното работно време.

Член 7

1. Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија, но најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат за 2020 година зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка; за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели од годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

2. Враќањето на износот од ставот 1 на овој член ќе се изврши на три месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.

Член 8

Доколку работодавачот не ги исполни обврските од член 6 став 2, ќе се применуваат одредбите од Кривичниот законик.

Член 9

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-2785/1
1 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.

ПРИЛОГ

БФП-ИП

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

БАРАЊЕ
за финансиска поддршка на работодавач од приватниот сектор заради исплата на плати за месеците април и мај 2020 година

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Единствен даночен број	
Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт	
Телефон	
е-пошта	

Датум и број на прием	

А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице ☐ Работодавач - самовработено лице за своите вработени

Б. ПЕРИОД НА ЗАПИС ВО СООДВЕТЕН РЕГИСТАР (ОСНОВАЊЕ)

☐ а) до февруари 2019 година

☐ б) во период од месец март 2019 година заклучно со месец февруари 2020 година

В. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА

☐ Април 2020 ☐ Мај 2020

Г. ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Изјавувам дека ги исполнувам следните услови:

☐ а) Приходите во месецот за кој барам финансиска поддршка за исплата на плати се намалени за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени во 2019 година

☐ б) Приходите во месецот за кој барам субвенционирање се намалени за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година

☐ в) Просечните приходи за последниот сезонски период од 4 месеци споредено со просечните приходи за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година се намалени за најмалку 30%

☐ г) Не е исплатена дивиденда на сопствениците и не е извршена исплата по основ на награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот-барател на финансиска поддршка, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот исплатата на платата за месец мај 2020 година

☐ д) За работник за кој се бара финансиска поддршка за исплата на плата, за периодот декември 2019 година, јануари 2020 година и февруари 2020 година, исплатените нето плати не се повисоки од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време

☐ ѓ) За месецот за кој барам финансиска поддршка, повеќе од 10% од вкупниот број на вработени немаат поединечна месечна нето плата ПОГОЛЕМА од 120.000 денари месечно по вработен

☐ е) Нема да користам финансиска поддршка заради исплата на плати согласно уредбата, за сопственик/основач, управител, прокурист, односно застапник по закон и членовите на органите на управување и надзор

☐ ж) За вработените за кои ќе користам финансиска поддршка согласно со Уредбата, не користам субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба

☐ з) За вработените за кои ќе користам финансиска поддршка согласно со Уредбата, не користам ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

☐ ѕ) За времетраење на финансиската поддршка согласно со Уредбата и четири месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец септември 2020 година), ќе го задржам истиот број на вработени за месецот за кој барам финансиска поддршка, намален за бројот на вработени заради пензионирање или смрт на работник. Бројот на вработени ги вклучува вработените на неопределено време, вработените на определено време и вработените со работно време пократко од полното работно време

Ѓ. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ **Ги разбирам условите под кои се дозволува субвенцијата и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно сум ги потполнил и сум согласен со горенаведените податоци.**

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме			
ЕДБ / ЕМБГ		Датум на поднесување	
Својство		Потпис	

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

Име и презиме			
ЕМБГ		Датум на поднесување	
Својство		Потпис	

** Пойолнува Управа за јавни приходи*

Податоци за обработката	

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

БФП-ИП

Врз основа на уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година , за остварување на правото работодавачот поднесува Барање за субвенционирање на износ за исплата на платите до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 3 дена од денот на доставувањето на барањето.

ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ - се означува соодветно поле согласно формата преку која ја врши својата дејност. Доколку е регистриран како трговско друштво одбира Работодавач - правно лице, доколку е регистриран како физичко лице кое врши само дејност одбира Работодавач - самовработено лице за своите вработени.

Б. ПЕРИОД НА ЗАПИС ВО СООДВЕТЕН РЕГИСТАР (ОСНОВАЊЕ) - се означува периодот во кој е извршен упис на дејноста во соодветен регистар:

а) до февруари 2019 година
б) во период од месец март 2019 година заклучно со месец февруари 2020 година

В. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА - се одбира само еден од понудените месеци за кој бара субвенција за кој ги исполнува условите.

Г. ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА:

Барателот Работодавач ги означува полињата а) и/или б), и/или в), г), д), ѓ), е), ж), з) и ѕ)
Барателот Самовработено лице ги означува полињата а) и/или б), и/или в), д), ѓ), е), ж), з) и ѕ)

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1377.

Согласно член 196 став (1) алинеја 4 од Законот за странци (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КУЌНИОТ РЕД НА ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР ЗА СТРАНЦИ

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува куќниот ред на Прифатниот центар за странци (во натамошниот текст: Прифатниот центар).

II. ПРИЕМ НА СТРАНЕЦ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Член 2

(1) За време на приемот во Прифатниот центар, странецот се подложува на здравствен преглед.

(2) Странецот го известува полициското службеник за внатрешно обезбедување на Прифатниот центар за личната здравствена состојба, а особено доколку истиот има некоја заразна или пак друга сериозна болест.

(3) Доколку странецот боледува од заразна болест или за истото постои сомневање, странецот се сместува во посебна просторија, сè додека не биде прегледан од доктор, кој ја утврдува неговата здравствена состојба и предлага мерки за натамошен третман.

Член 3

Непосредно по пристигнувањето во Прифатниот центар, странецот се запознава со неговите права и правилата на престој во Прифатниот центар, можноста да го контактира дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е, правото да контактира и ангажира адвокат, односно да користи правна помош и правото на жалба против решението за задржување во Прифатниот центар.

Член 4

(1) По евидентирањето, на странецот му се врачува примерок од одредбите кои се однесуваат на правилата на куќниот ред на Прифатниот центар, а доколку странецот не е писмен, куќниот ред му се објаснува усмено.

(2) На странец кој не разбира ниту еден од јазиците на кои е преведен куќниот ред, доколку е возможно му се обезбедува преведувач кој врши усмен превод на куќниот ред на јазик кој странецот го разбира.

(3) На странец кој е глувонем му се обезбедува толкувач кој му ги објаснува правилата на куќниот ред.

(4) Прифатниот центар може да користи и други пишани или аудиовизуелни материјали со кои се објаснуваат правата на странецот, куќниот ред и правилата на престој во Прифатниот центар.

Член 5

(1) При приемот во Прифатниот центар, странецот се подложува на претрес со цел да биде утврдено дали поседува предмети кои се погодни за напад, самоповредување или бегство, како и други предмети кои согласно овој правилник треба да бидат одземени.

(2) Претресот го врши полициски службеник од ист пол како и странецот, ко притоа внимава претресот да биде спроведен на начин на кој не се повредува личноста, достоинството или верските чувства на странецот.

(3) Доколку при претресот бидат откриени предмети кои се погодни за напад, самоповредување или бегство истите ќе бидат одземени.

(4) При претресот од странецот се одземаат и сите средства за комуникација и електронски уреди (мобилен телефон, таблет, преносен компјутер, фотоапарат и сл.)

Член 6

(1) По претресот на странецот му се овозможува да ја задржи облеката, обувките и книгите, откако од нив ќе се отстранат одредени предмети кои можат да се употребат за напад или самоповредување.

(2) Останатите лични предмети и парични средства на странецот се одземаат и задржуваат во Прифатниот центар, за што се изготвува потврда за одземени предмети.

(3) Во потврдата од ставот (2) на овој член, се запишуваат паричните средства во апоени со нивниот сериски број, а вредните предмети детално се опишуваат.

(4) Одземените предмети и паричните средства уредно се пакуваат во пакет или врека со евиденциски број и се складираат во шкаф со клуч.

(5) Предметите од ставот (2) на овој член, му се враќаат на странецот при неговото напуштање на Прифатниот центар.

(6) Странецот може да користи дел од паричните средства и предмети за лична употреба за времетраење на неговиот престој во Прифатниот центар.

Член 7

(1) При приемот на странецот му се дава постелнина која се состои од перница, навлака за перница, чаршаф и прекривка која зависи од временските услови, односно годишниот период во кој се врши сместувањето на странецот.

(2) Прифатниот центар може на странците кои се сместени во центарот да им обезбеди облека и обувки.

(3) Во случајот од ставот (2) на овој член, личната облека и обувки на странецот се задржуваат за што се издава потврда за одземени предмети, а истите му се враќаат на странецот при напуштањето на Прифатниот центар.

Член 8

Непосредно пред сместувањето, на странецот му се дава и прибор за лична хигиена кој се состои од четка за заби, паста за заби, сапун, шампон, а по потреба и прибор за бричење, односно хигиенски влошки.

Член 9

Доколку полицискиот службеник утврди дека странецот кој се сместува во Прифатниот центар не е фотографиран и дактилоскопиран, се спроведува постапка на фотографирање и дактилоскопирање.

III. СМЕСТУВАЊЕ НА СТРАНЕЦ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Член 10

Странците се сместуваат во соба со лица од ист пол, освен доколку станува збор за семејство кое се сместува во соба определена за сместување на семејства.

Член 11

(1) Малолетни лица, како и странци за кои постои сомневање дека се жртви на трговија со луѓе во периодот на рефлексија и закрепнување се сместуваат во соби кои се физички одвоени од останатите соби во Прифатниот центар, со засебни заеднички простории кои превенираат комуникација со останатите лица кои престојуваат во Прифатниот центар.

(2) При сместувањето на баратели на право на азил за кои е донесена одлука за ограничување на слобода на движење - сместување во Прифатниот центар, вработените во Прифатниот центар треба да ја почитуваат доверливоста на информацијата дека лицето има поднесено барање за признавање на право на азил во Република Северна Македонија, а се земаат во предвид и барањата на лицето да не биде сместено во иста просторија со одредени лица кои престојуваат во Прифатниот центар.

Член 12

По барање на странецот му се овозможува да биде преместен во друга соба, доколку постојат околности кои укажуваат дека престојот на странецот во таа соба претставува опасност за безбедноста, редот, мирот или здравјето на лицата сместени во Прифатниот центар.

IV. ПРЕСТОЈ НА СТРАНЕЦ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Одржување на хигиената

Член 13

(1) По сместувањето странецот се упатува на основни здравствено-хигиенски мерки (туширање, користење на чиста облека и сл.)

(2) Странците кои се сместени во Прифатниот центар потребно е да се грижат за личната хигиена и хигиената во собата во која престојуваат.

(3) Туширањето се врши најмалку три пати неделно.

(4) Доколку е забележано непостапување по одредбите од ставовите (2) и (3) на овој член, полицискиот службеник може да му укаже на странецот да преземе мерки за подобрување на личната хигиена, односно да ја подобри хигиената на просторијата во која престојува.

(5) По користењето на тоалетот односно бањата, странецот потребно е да го исчисти користениот простор.

Член 14

(1) Постелнините и облеката се перат во пералната на Прифатниот центар еднаш неделно, при што во меѓувреме на странците им се обезбедуваат чисти постелнини.

(2) Странците сами ја перат личната облека.

Член 15

На странците сместени во Прифатниот центар им се дели хигиенски прибор еднаш неделно.

Исхрана

Член 16

(1) Во рамки на Прифатниот центар се организира исхрана со три оброци дневно, од кои најмалку еден топол оброк.

(2) За малолетните лица кои престојуваат во Прифатниот центар покрај трите оброци се обезбедува и ужина.

(3) Термините во кои се организираат оброците може да се менуваат, особено во оние периоди во годината во кои поради верски уверувања дел од лицата кои се сместени во Прифатниот центар можат да консумираат храна само во одреден временски период.

Член 17

(1) Со секој оброк се служи вода, а по можност и друг пијалок (чај, млеко или кафе).

(2) Странците ги консумираат оброците во трпезаријата на Прифатниот центар, а храната, кујнскиот прибор и предметите во кои се сервира храна не треба да бидат изнесувани надвор од просторијата.

(3) Храна и пијалоци не се внесуваат во собите во кои се сместени странците.

(4) На странец му се овозможува да купи дополнителна храна или безалкохолни пијалоци.

Член 18

При планирањето и усвојувањето на дневното мени, се зема во предвид неопходноста од балансирана нутритивна вредност на оброците, како и посебните диететски потреби на лицата кои престојуваат во Прифатниот центар (алергии, неконсумирање на одреден вид на храна поради верски и лични уверувања, здравствени причини и сл.).

Здравствена заштита

Член 19

(1) Странците кои престојуваат во Прифатниот центар имаат пристап до примарна здравствена заштита, која се обезбедува од страна на медицинскиот персонал кој ги опслужува потребите на Прифатниот центар.

(2) Во случај на влошена здравствена состојба, странецот може да биде преместен во здравствена установа, за што е потребно мислење односно упат од страна на медицинско лице - доктор кој ги опслужува потребите на Прифатниот центар.

Член 20

Прифатниот центар обезбедува посебна грижа за бремените жени, доенчиња и лица со нарушена здравствена состојба.

Престој на свеж воздух

Член 21

(1) На странците им се овозможува најмалку два часа дневно да поминат на свеж воздух, односно во дворот на Прифатниот центар.

(2) За време на користењето на правото на свеж воздух, странците можат слободно да се движат и да спортуваат, а притоа да се придржуваат до правилата на куќниот ред на Прифатниот центар.

(3) Престојот на странците на свеж воздух го надгледуваат полициски службеници на Прифатниот центар.

Рекреативни активности

Член 22

(1) Странците кои се сместени во Прифатниот центар можат да изведуваат рекреативни активности, како што се гледање на телевизија, читање на книги и списанија, играње на шах, карти и други социјални активности согласно дневниот распоред на активности на Прифатниот центар.

(2) Во заедничка просторија на Прифатниот центар се поставуваат радио приемник и телевизиски приемник со сателитски канали.

Верски обреди

Член 23

(1) Странецот кој е сместен во Прифатниот центар може да практикува верски обреди, на начин на кој се почитуваат верските и културолошки особености на другите странци сместени во Прифатниот центар.

(2) Вршењето на верски обреди се врши во посебна просторија определена за таа намена.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, странецот кој е сместен сам во соба, може да врши верски обред во собата за спиење само доколку со обредот не ги вознемирува останатите лица сместени во Прифатниот центар.

(4) Со вршењето на одредени верски обреди, не треба да се загрозува безбедноста, редот и мирот во Прифатниот центар.

Член 24

Странецот може да побара да биде посетен од претставник на верска заедница, и по тоа барање се постапува согласно правилата за одобрување на посета во Прифатниот центар.

Користење на телефон

Член 25

(1) Непосредно по сместувањето во Прифатниот центар, странецот може да искористи три бесплатни телефонски повици, односно да го контактира дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е, членови на неговото семејство и адвокат.

(2) Телефонскиот разговор може да биде во времетраење од најмногу пет минути.

Член 26

(1) За време на престојот во Прифатниот центар, странецот може да комуницира со надворешниот свет, на свој трошок со користење на јавна телефонска говорница.

(2) Телефонските разговори не можат да бидат вршени за време на дневен и ноќен одмор.

(3) Доколку странецот не ги почитува правилата на куќниот ред или постојат други оправдани причини, на странецот може да му биде ограничено правото на користење на телефон.

Посети

Член 27

(1) Странецот може да има посета два пати неделно, во термини за примање на посетители утврдени со распоредот на дневни активности на Прифатниот центар.

(2) Барањето за одобрување на посета може да биде поднесено најмалку два работни дена однапред.

Член 28

(1) Лицето кое доаѓа во посета се претресува од страна на полициски службеник од ист пол, кој го врши претресот на начин на кој се почитува личноста, достоинството и верските чувства на лицето кое се претресува.

(2) На лицето на кое му е одобрена посета на странецот, а се однесува недолично или насилно, не ги почитува правилата на куќниот ред или врз основа на околностите се проценува дека претставува опасност за безбедноста или здравјето на лицата сместени во Прифатниот центар, нема да му биде дозволено да ја реализира посетата.

Член 29

(1) Посетата се врши во просторија определена за таа намена, при што полицискиот службеник ја следи посетата од растојание кое му овозможува приватност на странецот.

(2) Полицискиот службеник може да ја прекине посетата доколку при остварување на истата се наруши куќниот ред на Прифатниот центар.

(3) Должината на посетата изнесува најмногу 60 минути, а доколку странецот има повеќе посети тој ден, вкупното времетраење на сите посети не може да надмине 60 минути.

Член 30

(1) Странецот кој е сместен во Прифатниот центар може да прима пратки и писма.

(2) По пристигнувањето на пратката или писмото истото се отвора во присуство на полициски службеник кој доколку утврди дека има недозволени предмети, истите ги одзема и соодветно складира или ги враќа на доставувачот.

(3) Доколку со доставување на предметите се врши одредено кривично дело, полицискиот службеник го пријавува кривичното дело и ги обезбедува доказите согласно закон.

Прием и користење на парични средства

Член 31

(1) Странецот може да прима парични средства за време на престој во Прифатниот центар.

(2) Паричните средства се одземаат, а на странецот му се издава потврда за одземени парични средства, кои му се враќаат при неговото напуштање на Прифатниот центар.

(3) Доколку на странецот му се испратени парични средства преку брз трансфер на пари, странецот во придружба на полицискиот службеник од Прифатниот центар паричните средства ги подигнува од банка или друго правно лице кое е овластено да врши услуги на брз трансфер на пари, по што паричните средства на странецот се одземаат, односно се постапува согласно ставот (2) на овој член.

(4) Странецот може да користи дел од своите паричните средства кои ги поседува (за телефонски повици, дополнителна храна и слично).

Пристап до правна помош

Член 32

(1) Прифатниот центар им овозможува на странците пристап до правна помош.

(2) Странецот може да ангажира адвокат на кој му се овозможува да оствари средба со странецот со цел да обезбеди полномошно за застапување, како и да врши тековни посети на странецот за потребите на постапката во која странецот се јавува како странка.

(3) Покрај можноста за анагажирање на адвокат согласно ставот (2) на овој член, Прифатниот центар овозможува присуство на правници или адвокати од здруженија или меѓународни организации кои обезбедуваат правна помош во Прифатниот центар.

(4) Термините во кои е овозможена средба со адвокат или правници од меѓународни организациии и здруженија кои се обезбедуваат правна помош се утврдуваат со дневниот распоред на активности.

(5) Доколку на странецот му е врачена одлука за која тече рок за вложување на правен лек, странецот се известува за оваа околност на јазик на кој го разбира, а неодложно се контактира и неговиот адвокат односно правен застапник.

(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, на странецот му се овозможува средба со неговиот правен застапник и надвор од термините утврдени со дневниот распоред на активности, со цел да му биде овозможено да поднесе редовен правен лек.

Дневен распоред на активности

Член 33

(1) Дневниот распоред на активности се утврдува од страна на раководното лице на Прифатниот центар или од него определено лице кое е вработено во Прифатниот центар.

(2) Дневниот распоред на активности се истакнува на огласната табла на неделна основа.

(3) Во случај на оправдани околности кои ја отежнуваат реализацијата на утврдениот распоред, од страна на раководното лице на Прифатниот центар или од него определено лице може да се изврши тековна промена на дневниот распоред на активности.

Претрес

Член 34

(1) Во случај на постоење на сомневање дека одреден странец поседува недозволени предмети или супстанци, полициски службеник може да пристапи кон вршење на претрес на лица или простории.

(2) Претресот се врши од страна на полициски службеник од ист пол како и странецот и тоа на начин на кој се почитува личноста, достоинството и верските уверувања на лицето кое се претресува.

Член 35

Претрес на простории се врши во присуство на најмалку едно лице кое престојува во таа просторија.

Член 36

Доколку при претресот се откриени недозволени или непријавени предмети или супстанци истите се одземаат, за што се составува и службена белешка.

V. ПРАВИЛА ЗА ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИТЕ КОИ ПРЕСТОЈУВААТ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Член 37

(1) Странецот кој престојува во Прифатниот центар треба:

- да го почитува куќниот ред на Прифатниот центар;
- да постапува согласно налозите на полицискиот службеник, освен доколку истите се спротивни на закон или овој правилник, или со истите се врши повреда на права на странецот кој е сместен во Прифатниот центар или трето лице;
- да ја одржува личната хигиена како и хигиената на просториите во кои престојува и ги користи;
- да придонесува кон безбедноста, редот и мирот на Прифатниот центар, односно доколку дознае одредена информација за загрозување на безбедноста, редот, мирот или здравјето во Прифатниот центар неодложно да извести некој од полициските службеници во Прифатниот центар;
- грижливо да постапува со инвентарот и предметите кои го користи, односно истите да чува од оштетување;
- да се воздржува од насилно однесување и себеповредување;
- навремено да ги извести полициските службеници во Прифатниот центар доколку дојде до влошување на личната здравствената состојба или здравствената состојба на друго лице кое престојува во центарот;
- да се однесува со должна почит кон службените лица и останатите лица кои престојуваат во Прифатниот центар, односно да не ги вознемирува со викање, навредување, друг вид на недолично однесување, физичко и психолошко вознемирување;
- да не го менува распоредот на инвентарот во собите или просториите за заеднички престој, ниту пак да ја менува собата на престој без одобрение на раководното лице во Прифатниот центар или од него определено лице;
- да не ги напушта собите во времето на дневен и ноќен одмор;
- да не ја оштетува или попречува работата на техничката опрема која е поставена во Прифатниот центар од безбедносни или други причини;
- да не го напушта Прифатниот центар без одобрение од раководното лице или од него определено лице, како и без присуство на полициски службеник;
- да не изработува или користи опасни предмети, како и да не користи предмети за редовна употреба на начин на кој може да биде предизвикана опасност по безбедноста на Прифатниот центар и лицата која престојуваат во Прифатниот центар;
- да се подложи на здравствен преглед и да се придржува до упатствата и терапијата од здравствен работник (доктор);
- да се воздржува од одбивање на консумирање на храна во подолг период кој може да предизвика здравствени проблеми;
- да не пристапува и да не се движи во делови на Прифатниот центар во кои не е дозволен престој и движење на странците;
- да не влегува во простории на Прифатниот центар во кои се сместени или ги користат припадници на друг пол;
- да не се движи непристојно облечен во Прифатниот центар или во собата во која престојуваат и други лица;
- да не ги попречува другите странци или вработените во Прифатниот центар во вршењето на нивните активности;
- да не ги нарушува мирот и тишината за време на дневниот и ноќниот одмор;

- да не конзумира храна, пијалоци и цигари во простории кои не се определени за таа намена;

- да не поседува ниту конзумира алкохол, опојни дроги или други недозволени супстанци;

- за време на спортско-рекреативните активности да внимава да не се повреди себе или друго лице;

- да ги врати неоштетени предметите за трајна употреба кои му биле дадени на користење;

- да не лепи хартија или други материјали по ѕидовите или другиот инвентар во Прифатниот центар, да не врши шкртање или друг вид на оштетување;

- да не внесува домашни миленичиња или други животни во Прифатниот центар;

- да се воздржува од други дејствија со кои нанесува штета на себе или на други лица кои престојуваат во Прифатниот центар, односно со кои ја загрозуваат безбедноста, редот, мирот и здравјето во Прифатниот центар.

(2) Странецот ја надоместува материјалната штета која ја причинил со непочитување на одредбите од овој правилник.

Член 38

На странецот кој престојува во Прифатниот центар му се обезбедува:

- сместување и храна согласно одредбите на овој правилник;

- почитување на неговата личност, достоинство, верски и други лични уверувања;

- еднаков третман со другите странци кои се сместени во Прифатниот центар, освен во делот на посебните услови кои се применуваат на ранливи категории на лица (малолетни лица, лица за кои постои сомневање дека се жртви на трговија со луѓе, семејства, бремени жени и сл.);

- здравствена заштита на начин утврден со овој правилник;

- правна помош на начин утврден со овој правилник;

- психо-социјална поддршка од стручно лице;

- дневен и ноќен одмор;

- остварување по еден бесплатен телефонски повик до неговото семејство, адвокат и дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е;

- остварување телефонски разговори на сопствен трошок;

- користење на дозволените лични ствари и парични средства на начин утврден со овој правилник;

- поминување на време на свеж воздух, спортски и рекреативни активности на начин утврден со овој правилник;

- посета на начин утврден со одредбите на овој правилник;

- примање на писма, пратки и парични средства на начин утврден со овој правилник;

- поседување цигари, односно производи од тутун и нивно конзумирање во простории определени за таа намена.

Член 39

Странецот кој престојува во Прифатниот центар може да оствари средба и со раководното лице на Прифатниот центар односно од него определено лице со цел да пријави повреда на права, нееднаков третман или непочитување на куќниот ред.

VI. ДВИЖЕЊЕ НАДВОР ОД ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Член 40

(1) За време на престојот во Прифатниот центар, странецот не треба да го напушта Прифатниот центар освен со одобрение од раководното лице на Прифатниот центар или од него определено лице.

(2) Странецот може привремено да го напушти Прифатниот центар, само поради:

- упатување во здравствена установа;

- посета на дипломатско-конзуларно преставништво на државата чиј државјанин е;

- подигнување на парични средства испратени преку брз трансфер на пари;

- обезбедување на негово присуство во судска постапка.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, странецот е придружуван од полициски службеници од Прифатниот центар.

VII. ПРЕСТАНОК НА ПРЕСТОЈ ВО ПРИФАТНИОТ ЦЕНТАР

Член 41

(1) Пред напуштањето на Прифатниот центар, странецот треба да ги врати непотрошените предмети кои му биле дадени на користење.

(2) При отпуштањето на странецот му се враќаат личните предмети и парични средства кои му биле задржани, согласно содржината на потврдата за одземени предмети, намалени за трошоците кои странецот е потребно да ги надомести согласно одредбите од Законот за странци (*) и материјалната штета која евентуално ја причинил, за што му се издава пресметка.

Член 42

Одредбите од овој правилник кои се однесуваат на правилата на куќниот ред на странците кои се сместени во Прифатниот центар, се преведуваат на англиски, француски и арапски јазик и се изложуваат на огласната табла во Прифатниот центар, а доколку за тоа постои можност и потреба, и на други јазици кои ги разбираат странците кои се сместени во Прифатниот центар.

VIII. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 43

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за куќниот ред во Прифатнот центар за странци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/07, 53/09 и 75/13).

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-34615/1
31 март 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Наќе Чулев, с.р.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

1378.

ОПШТА ПРЕСМЕТКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИБРАНИТЕ АВТОРСКИ НАДОМЕСТОЦИ ПО ОСНОВ НА ПРАВО НА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ НЕСЦЕНСКИ ДЕЛА ЗА 2019 ГОДИНА

I) Репартициони класи за јавно соопштување на музички несценски дела се:

100) РАДИО

- Приходите од Јавното претпријатие македонско радио,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32, 33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходи од радијските кабелски мрежи.

200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА

- Приходите од концерти на сериозна музика,

300) ТЕЛЕВИЗИЈА

- Приходите од Јавното претпријатие македонска телевизија,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл.весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Дел од приходите од телевизиските кабелски мрежи.

400) ПРИРЕДБИ

- Приходите од забави, игранки,, другарски вечери, матурски, дипломски, модни ревии, артистички и спортски натпревари и сл.

500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА

- Приходите остварени врз оваа основа.

600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА

- Приходи од концертите на популарна музика.

700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО

- Приходите од радио и телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

- Приходите од радио и телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА

- Приходите од радио програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ

- Приходите од телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,

- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32, 33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).

- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

II) Фондовите на сите репартициони класи се товарат со трошоците на заштитата, распределбата и останатите трошоци на заштитата во единствен процент. Овие трошоци во календарската 2019 год. изнесуваа 15% согласно член 144 став 1 точка 4 од ЗАПСП („Сл. весник на РМ“ бр. 115/10; 140/10;51/11; 147/13; 154/15 и 27/16) и член 50 став 1 од Статутот на ЗАМП.

III) Врз основа на чл. 37 став 1 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16) фондовите на репартиционите класи се зголемени со средствата на организацијата остварени од камати на вложени средства во банка и други приходи, во износ од 30% се распределуваат меѓу авторите, сразмерно на исплатата на надоместокот кои тие го остариле согласно со податоците за користени дела од членот 135 став (1) од ЗАПСП а во износ од 70% се распределуваат меѓу авторите, во согласност со податоците за користени дела од системот за електронска евиденција, односно во согласност со податоците од член 135 ставови (6) и (7) од ЗАПСП.

Согласно на погореискажаното износот од 1.882.047,00 ден. остварен од камати на вложени средства во банка и други приходи се распределува во следните репартициони класи и тоа:

100) РАДИО	639.057,73 ден.
200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА	7.001,34 ден.
300) ТЕЛЕВИЗИЈА	210.199,96 ден.
400) ПРИРЕДБИ	293.109,84 ден.
500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ	
СО ЖИВА МУЗИКА	32.708,26 ден.
600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	231.794,56 ден.
700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО	110.559,07 ден.
800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО	99.915,90 ден.
900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА	37.225,33 ден.
910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ	220.475,01 ден.
ВКУПНО КАМАТА:	1.882.047,00 ден.

IV) Врз основа на чл. 37 став 2 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16) фондовите на репартиционите класи се зголемени со средствата кои организацијата ги прибира од корисниците, а се пресметуваат во паушални износи и средствата кои организацијата ги прибира од кабелско реемитување авторски дела, се распределуваат меѓу авторите сразмерно на исплатата на надоместокот кој тие го остариле во согласност со податоците за користени дела од системот за електронска евиденција односно во согласност со податоците од член 135 ставови (6) и (7) од ЗАПСП.

Согласно на погоре искажаното износот кој ЗАМП го има прибрано од корисниците, а е пресметан во паушални износи изнесува 27.854.096,00 ден. а износот кој ЗАМП го има прибрано од корисниците од кабелско реемитување по основ на музички дела изнесува 40.600.295,00 ден.

V) Авторските надоместици за заштитени дела во репартиционите класи РАДИО, КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА, ТЕЛЕВИЗИЈА, КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО пресметани се по основ на вредност од еден поен.

Вредноста на еден поен утврдена е така што нето паричниот фонд на секоја од наведените репартициони класи е добиен по претходно наведена постапка, поделен со вкупниот фонд на поени на секоја репартициона класа, кои се добиени со обработка на податоците за емитувани и изведени музички несценски дела од соодветени програми.

VI) Авторските надоместоци за заштитените дела во репартиционите класи ПРИРЕДБИ, УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА И КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА, пресметани се така што наплатениот авторски надомест за секој програм во поединечната репартициона класа распределен е на автори чии дела се јавуваат во тој програм сразмерно траењето на нивното изведување.

I. УТВРДЕНИ НЕТО ПАРИЧНИ ФОНДОВИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА ПО РЕПАРТИЦИОНИ КЛАСИ

Врз основа на Одлуката на Собранието на ЗАМП бр. 0201-115/1 од 30.3.2020 год. за приходите и расходите на авторските надоместоци собрани во 2019 год. по основ на мали права, како и Одлуката на Управниот одбор на ЗАМП бр. 0202-110/1 од 30.03.2020 год. утврдено е:

Вкупниот фонд изнесува:	107.338.013,00 ден.
Денарски депозити:	1.882.047,00 ден.
ВКУПЕН ФОНД:	109.550.060,00 ден.
10% издвоени во резервен фонд согласно чл.42 став 2 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци и меѓународните договори.	- 10.955.006,00 ден.
ВКУПЕН НЕТО ФОНД ЗА РАСПРЕДЕЛБА ИЗНЕСУВА:	98.595.054,00 ден.

II. ПРЕСМЕТКА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕПАРТИЦИОНИТЕ КЛАСИ РАДИО 100), КОНЦЕРТИ (С) 200), ТЕЛЕВИЗИЈА 300), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВА 700), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО 800), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА 900) И ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ 910).

Врз основа на утврденитепарични фондови и поени на фондовите, пресметана е вредноста на еден поен во наведените репартициони класи:

100) РАДИО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

41.507.205,00 ден. со вкупниот фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 14.55 ден.

200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

161.537,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен 0.89 ден.

300) ТЕЛЕВИЗИЈА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

13.652.621,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 12.89 ден.

700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

7.180.882,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 1.83 ден.

800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

6.489.601,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 1.83 ден.

900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

2.417.809,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 4.61 ден.

910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

14.319.992,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 81.72 ден.

III. ПРЕСМЕТКА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕПАРТИЦИОНИТЕ КЛАСИ

400) ПРИРЕДБИ

500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА

600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА

Врз основа на утврдениот фонд, како и одлуката за оваа општа пресметка пресметани се авторските надоместоци на горе наведените класи како и вредноста на факторите и тоа:

		Износ:	вредност на фактор:
400) ПРИРЕДБИ	за 2019 год.	6.762.718,00 ден.	0.96
500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА	за 2019 год.	754.655,00 ден.	0.83
600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	за 2019 год.	5.348.034,00 ден.	0.82

Према наведените пресметки да се изврши поединечна пресметка и исплата на авторските надоместоци на домашните и странските автори и носители на авторски права за 2019 год.

Бр. 02-120/1
30 март 2020 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
проф. **Живоин Глишиќ,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Цената на овој број е 90 денари

ISSN 0354-1622
2020093